З А П И С Н И К

Од 4-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 4-та редовна седница на ден 23.12.2021 година (Четврток) со почеток во 15.30 часот во просториите на Општина Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.

На седницата присуствуваа сите советниците:

На седницата присуствуваа:Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Верче Миткова представник од општинската аддминистрација ,Васе Костадинов претставник од ЈПКД „Турија“ Василево,

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 4-та седницата беше отворена расправа по записникот од 3-та седница на Совет одржана на ден 13.12.2021 година, немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 4-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

1. Разгледување на Предлог за меѓуопштинска соработка и донесување на соодветна одлука;
2. Предлог-Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности за 2022 година;
3. Предлог-Двогодишен акциски план за родова еднаквост на општина Василево за 2022-2023 година;
4. Предлог-Програма за одржување на уличното осветлување во општина Василево за 2022 година;
5. Предлог-Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица;
6. Предлог-Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво;
7. Предлог-Буџет на општина Василево за 2022 година;
8. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година;
9. Предлог-Одлука за утврдување на бодот за платите на административните службеници во општина Василево за 2022 година.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 4- та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Живко Атанасов член на Советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред со 4 дополнителни точки:

Како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:Предлог- Одлука за утврдување на надоместок на надворешен член во комисијата за урбанизам на општина Василево.
Како 11-точка дополнителна точка од дневниот ред да биде:Давање на согласност на програмата за супвенционирање за 2022 година на ЈПКД,, Турија“ Василево
Како 12- та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Давањена согласност на програмата за работа на ЈПКД,, Турија“ Василево за 2022 година.
Како 13-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено Бурхан Исиновод село Василево.

Немаше друг пријавено за збор првиот предлог на Живко Атанасов како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:Предлог- Одлука за утврдување на надоместок на надворешен член во комисијата за урбанизам на општина Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Втриот предлог на Живко Атанасов Како 11 дополнителна точка од дневниот ред да биде:Давање на согласност на програмата за супвенционирање за 2022 година на ЈПКД,, Турија“ Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Третиот предлог на Живко Атанасов Како 12- та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Давањена согласност на програмата за работа на ЈПКД,, Турија“ Василево за 2022 година. беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Четвртиот предлог на Живко Атанасов Како 13-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено Бурхан Исиновод село Василево. . беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на четвртата седница на совет на општина Василево со усвоените предлози за надополнување на дневниот ред .
како 10-та дополнителна точка од дневниот ред да биде:Предлог- Одлука за утврдување на надоместок на надворешен член во комисијата за урбанизам на општина Василево,
како 11-точка дополнителна точка од дневниот ред да биде:Давање на согласност на програмата за супвенционирање за 2022 година на ЈПКД,, Турија“ Василево

како 12- та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Давањена согласност на програмата за работа на ЈПКД,, Турија“ Василево за 2022 година

како 13-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено Бурхан Исиновод село Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Разгледување на Предлог за меѓуопштинска соработка и донесување на соодветна одлука;за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општесвени дејностина рече дека комисијата на седничата ја разгледа од присутни 5 члена ја усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се работи за практично решение да се заштедат дел од средствата што се изливат од Буџетот. Во моментот и изминатите години имаше ангажирано лице од општина Струмица што од предмет зимаше 500 денари а за да се отвори предмет во општината се плаќа такса од 300 и 200 денари што значи сите пари одеа за тоа лице што според него гледа дека тоа е недомаќинско работење и за рок од еден месец тој го раскина тој договор се направи договор со приватен се продолжи и се надева дека ќе успее во тоа и меѓуопштинската соработка со општина Ново Село тие се нафатија да вршат услуга и без надоместок и за патување да не барат и доколку побарат ке им се овозможи кола да ги земе, што значи нема да им се дава 500 денари трошкови за тоа лице.Пред некој ден се има консултирано со ЗЕЛС ,рече дека од кога е дојден тој заедно со Симона Стојанова трипати имат звонето и барат да се објави оглас за да го пријават лицето што ќе го ангажират од Нова село да оде да полага за да има во општината процинител дури планира да пушти две лица да има и резерва. Тоа е многу важно бидејќи во таа насока е тој предлог за меѓуопштинска соработка со општина Ново Село кој што сака да ни излезе во сусрет од тука ќе оди точката на Совет во Ново Село доколку тие ја прифатат тогаш ќе стапи во сила и со договор се работи за лицето Блажо Тасевтој ќе биде процинител.

Крсте Панев член на Советот во излагајето на градоначалникот дека ќе работи домаќински праша дали новиото лице што ќе дојде ќе биде без надоместок без ништо да му се наплаќа праша дали кола ќе оди да го зима бидејќи и тоа е трошок праша дали лицето што ќе се ангажира ќе работи без никаков надоместок.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека надоместок нема да има ќе има само трошоци за превоз овластениот проценител лицето бара само да се зима со општинската кола.

Ване Андонов очигледно е дека предлогот е добар и прифатлив самиот факт што на комисијата е изгласана од сите советници покажува дека и за опозицијата е прифатливо и ги повикува советниците и од опозицијата едногласно да го изгласат и подржат.

Немаше друг пријавено за збор првата точка:Разгледување на Предлог за меѓуопштинска соработка и донесување на соодветна одлука, беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и и ,, воздржани,, 7.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности за 2022 година за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општесвени дејностина рече дека комисијата на седничата ја разгледа од присутни 5 члена комисијата ја усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Василево од сите ризици и опасности за 2022година. беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог-Двогодишен акциски план за родова еднаквост на општина Василево за 2022-2023 година; за збор се јави Драгица Глигорова претседател на комисијата за Еднакви Можности рече дека комисијата на седничата ја разгледа од присутни 5 члена комисијата го усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема. Крсте Панев побара образложение.

Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево бидејќи Боби Величковски не е присутен и е надвор од државата за тоа рече дека писмено ќе бидат обавестени.

Образложение даде Славе Андонов градоначалник на општина Василево. колку што знае Боби Величковски и Драгица Глигорова беа на обука во Вила Парк од Струмица тоа е поради жени кој што имале зачестени семејни насилства во Струмица . Рече дека во секој случај тие планови се добри 2 до 3 години се носат такви планови предходно и тој беше кординатор на комисијата за Еднакви Можности имаше доваѓано луге од некоја организација заеднички го правеа оваа, добро е за почеток што е изготвено оваа, рече дека со тоа може да се аплицира и да се добие некој проект.

Александра Мадевска рече дека не е едноставно тоа побара подетално образложение за тој план за да се види што всушност тој план опфака и на кој начин ќе се реализират тие проекти да се запознат и доколку треба надополнување и да се надополни.

Славе Андонов рече дека кога ќе си дојде Боби Величковски останува Писмено да им се објасни.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред Предлог-Двогодишен акциски план за родова еднаквост на општина Василево за 2022-2023 година беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 7.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Предлог-Програма за одржување на уличното осветлување во општина Василево за 2022 година; за збор се јави Илми Мустафов рече дека сака да постави прашање до градоначалникот една недела во Градашорци нема улично осветлување праша дали градоначалникот е информиран дека од црквата нагоре има осветлување додека од Џамијата на доле нема осветлување според него тоа е понижување на народот, има начин како да се реши овој проблем во Градашорци има 511 домаќинства македонци и турци истиот проблем го имаше и предходниот градоначалник но со известување на градоначалникот одмах се решаваше тој проблем, сега 250 куки што се турци за 6 семејства турци што крадат од уличното осветлување заради нив цело Градашорци да страда бидејќи сега тој е градоначалник може да пушти екипа да ги фатат тие што крадат струја.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека не се работи за намерно исклучување да не мислат дека тоа е поради верска причина. Советникот Илми сигурно е запознаен дека минатите денови имаше пуштено екипа од општината беше констатирано дека има приклучено на диво беа сечени неколку куки беа отстранети кабли. И предходно му се има јавувано Билент Исинов има и други што се имат жалено од Градашорци проблемот е решен. Мегутоа тоа не е решение таму да доага да секојден тој човек , лицето е платено до 4 часот а не после 4 сето тоа е трошок на општината , сака да каже дека имат учествувано и тој и Верче Миткова во тој проект но дали е успешен ќе се види на крајот, во моментот е многу не успешно големи срдства се исплакат од општината спрема таа фирма незнае дали ќе биде добро. Ќе треба да се дадат многу средства за 6 години плус се качува струјата од кога е дојден70% од тоа што го исплаќат а 6.000.000 денари има зберено за месец ипол приход од општината повеќе се за струја и во јануари ќе има уште едно поскапување ако општината плаќала 15.000 денари сега по фактура плаќа 600.000 денари тоа е проблем во сите општини, доколку се оди по оваа логика по една улица од 150 метри наместо да се асфалтира ќе сеплака за потрошена струја. Исто така и фирмата многу бавно реагира рече дека стално им пишуват по мејлови никаде ги нема тој лично не е задоволен, бидејќи и тој учествуваше во тој процес на избирање на фирмата ќе захтева лично да се сретне сонив да се состане во Скопје, не е проблем да се реагира на терен. За тоа е задолжен Иле кога треба да се уклуче, додека во Нова Маала после 2 часот пак падне сега го има задолжено таму Ването што е таму во Нова Маала тој да оклучува бидејќи Иле неможе се таму да оди не е изводливо.

Илми Мустафов рече дека во Село Градашорци проблемот кој се јави е за 6 куки збок нив децата во 7 часот си идат од училиште нема улично осветлување темно е по улицит,е неможе децата сами да ги пуштат тоа се малку куки може овој проблем да се реши.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се согласува истиот проблем го имаше и во неговата маала 1 месец немаше улично осветлување рече дека тешко може да се одстранат тие да не бидат уклучени, пак ќе се уклучат според него треба да се реагира до МВР нека казнува друг начин нема, фирмата намерно направи со ниска издржливост за да може сама да гасне заради тие случаи од аспект на заштедување на средства во Буџетот на средства во Буџетот а од друга страна за некој од граѓаните што се однесуват неодговорно. За тоа не е многу крива фирмата ниту општината . Рече дека оваа точка се однесува за уличното осветлување од стариод модел се работи за Дукатино и Радичево и некој останати светилки во некој села од стариот систем. Минатата

година ја немаше оваа програма со договор со Бранко Андонов штом се набавува материјали мора да има и програма нека биде и 100.000 денари важно е да има програма и некој ред и да се знае доколку во Василево требат повеќе светилки од 6 догодина ќе се прави измена. Ако се прави нешто надополнување во Радичево и Дукатино за тоа нема сеуште размислено како ќе оди гледајки ја состојбата сега што се случува во моментот.

Ване Андонов сака да покаже фотографија сликана пред неколку дена на сликата е Иле кој што се наога во центарот на турското маало во Градашорци во Маќедонско домаќинство негов пријател каде што ојде да смени сијалица за уличното се гледа на сликата кабелот преку кој од уличното се краде струја за дома преку дрва оде дирекно во куката во едно домакинство. Според него овој проблем каде што се краде струја го има само во населени места во мали каде што има малцинства, факт е одредени фамилии од малцинствата крадат струја тој проблем треба да се реши уште истиот ден. Вечерта од кога си заминале тие пак се имат приклучено на струјата според него тоа не е решението, бидејќи и чувар да се стави пак струја ќе крадат. Смета дека треба да се најде разбирливо решение како да постапи општината, факт е дека цела мала трпи за за 6 домаќинства, лично и тој е против тоа и тој плаќа сметка за струја од 3.500 до 4000 денари, лично има застанато на прозорецот на куката внатре во салонот имаше 3 грејалици да се загрева салонот, нешто што е недозволиво да се краде струја во време на енергетска криза. Исто така има и друга случка во текот на денот во 2 часот дента во време на енергетска криза уличните во Градашорци од сред село спрема турската мала светат уште во 2 часот поточно почнуват да светат уште 1и 15 праша зошто е така и каде е проблемот пошто таму живее и е запознаен со тој проблем тој систем нема окце за да се гаснат и палат спрема временската зона има тајнер и се штелува да се пале и гасне уличното срема тајнерот, значи како почна да се пали помегу првиот и вториот круг на локалните избори некои семејства побара рано да имат дома струја рано да светат уличните за да може рано да крадат струја и поранешната структура на власт има издадено налог им овозможија да се пале уличното уште во 1 часот за време на изборите се стемнуваше во 5.30 што значи 4 часа уличното светеше без потреба за да може 10 фамилии кој што гласаа за одредена партија на пладнина да имат струја па се до сабаље. Лично тој има реагирано знае за тоа треба да дојдат екипи од Скопје да се смени тајнерот очигледно е дека фирмата не си ја гледа работата и градоначалникот треба да реагира дали ќе плаќат некој пенали треба да се види каков е тој договор очигледно е тоа дека не може да функционира бидејќи струјата што ја трошат граѓаните ја плаќат.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека добро е што реагират граѓаните не е добро тоа , првпат слуша за тоа.

Крсте Панев се јави за реприка на советникот Ване Андонов изгледа да е повеќе и од електричар се има испитано кога се пали и гаси и кој го има направено тоа. Според него битно е да се бара решение, треба да се прават пријави тоа е најдобро решение доколку некој краде струја на друг начин не бива проблемот ќе се реши само со пријави за да знае дека кривично ќе одговара со затвор, имаше такви случаи во Василево.

И второто прашање до градоначалникот има договор подпишано со таа фирма добро е што направија ново лед улично каде што тие го финансират а не општината што е добро за општината а

што сега струјата поскапува треба да се види договорот кој што треба да се постапува според него, неможе да се трошат средства непотребно 4-5 години, парите што треба да ги плаќат после останува на општината тоа беше добар проект за тоа и градоначалникот беше таму сега треба да се преземат мерки, има договот спрема кој треба да одговарат.

Александра Мадевска очигледно е дека ситуацијата е таква не само во Градашорци тој проблем го има и во сите населени места лично таа неколку пати има звонето за Нова Маала тоа е веќе претерано треба да се стори нешто и предходно се има крадено струја тоа е менталитетот на народот и неможе да се смени. Во Нова Мала веќе има решение има и пресуди со затвор одредени лица осудени на 6 месеци и една година затвор лично е запознаена . Рече дека лично неа ја интересира и побара од советникот Ване Андонов да одговори од кој од предходната власт има издадено налог за време помеѓу двата круга избори да се уклучи уличното осветлување во 1.15 дента за гласење. Го праша советникот Ване Андонов дали има видено дали има таков налог дадено бидејќи таа припаѓа на таа партија што била предходната влас не е запознаена за вакво нешто. Стално го има тој проблем и таа се занимава со тој проблем, бидејќи во Нова Маала лично таа има пријавувано дека крадат струја што и сега го има тој проблем. Иста е состојбата и во Добрашинци страда цела општина. Исто така и предходната власт имаше ангажирани лица од комуналното предпријатие за тоа беше ангажиран Блажо Стојанов тој го одржуваше уличното осветлување доколку прегорат од старите тој ги менеше тој беше одреден за тоа. Сеуште Одлуката на комуналното предпријатие не е ни сменета така да може да се ангажират и да почне да се решава тој проблем неможе да се кради струја и да се стои во место, има констатација дека и фирмата не си ја гледа работата за тоа што не се придржува и на договорот, колку што е запознаена доколку прегори некоја улична од 24 часа треба да биде сменета. Рече дека очигледно е од Слобода главната улица каде почнуват уличните таму не се сменети сака да предложи доколку се може во Нова Мала уличното сеуште не е решено, исто и во Добрашинци треба да се ангажират во комуналното предпријатие а не само да седат и да земат плата туку да се заангажират и да си ја гледат работата.

Ван Андонов се јави за реприка на советничката Александра Мадевск рече дека него не го интересира за време на кампанијата што и како правеле тие тоа не е негов проблем , во турското мало има пријател со години му имат кажано дека имат добиено одобрение и дека ќе се реши проблемот со нив така што ќе им се овозможи да користат и преку дента улично така и се покажа со факт на лице место додека првиот круг ја немаше оваа струја од еден часот да почне да свете ја праша советничката Александра Мадевска да одговори која е потребата уличното не се пале н а сензор окце ако е темно да се запале ако е светло да се изгасе туку направено е да се пали и гаси на тајнер , тогаш беше Марјан Јанев на влас.

Александра Мадевска Бидејќи Ване Андонов рече дека има дадено налог рече дека не верува на рекла казала бидејќи секојдневно се расправа со такви проблеми и пак ќе потенцира за Нова Маала знае дека има пресуди за затвор и неможе некој да каже дека има дадено налог за да се приклучи на уличното.

Билент Исинов сака да се надоврза бидејќи се спомна турското маало во Градашорци тука е и градоначалникот побара да се најде начин да се реши овој проблем, колку што знае лугето се спремни да се приклучат но немат издадено одобрение бидејќи не се легализирани. Тие како советници треба да донесат Одлука тоа се 5 семејства и спремни се уште утре да дојдат и сакат да си платат.

Илми Мустафов се јави за реприка на Ване Андонов речe дека не е точно тоа што го кажува тој тие луге што крадат струја сите се членови на ВМРО-ДПМНЕ.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Предлог-Програма за одржување на уличното осветлување во општина Василево за 2022 година;беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, против,, и ,, воздржани, нема,.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица;за збор се јави Крсте Панев побара образложение зошто се ликвидира, бидејќи е за заловување на кучиња смета дека нема да има некој голем трошок, во тој случај треба да се барат фирми кој ке ги заловуват и вакцинират. Има донесено Одлука сметајќи дека ќе биде добро за општината а сега пак да се донесе одлука за престанок и ликвидација праша зошто се ликвидира.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има веќе три седници на Југоисточниот регион на сите градоначалници има настанато проблем, предходниот состав на градоначалници на Југоисточниот регион ја имат префрлено цела зграда објектот кај Счево е префрлен на Општина Струмица што не е фер лично тој се има обратено таму тоа е аплицирано преку Бирото за регионален развој за 10 –те општини сега треба да се гради уште една во Богданци или Гевгелијатие се одкажуват требаше во Валандово и таму не почна да се гради втората да не покрие струмичкиот дел другиот дел другите да покрива имаше различни ставови повеќето градоначалници се за да се одкаже учеството во заедничкиот стационар на Општините Василево, Босилово и Ново Село, посебно босилово и Василево. Рече дека е разговарано со Коста Костадинов градоначалникот на Струмица бидејќи тие ќе управуват имат разбирање со Струмица и одговара бидејќи е блиско нема логика кучиња да се носат во Гевгелија ќе има многу трошкови поради тоа се одкажуват. Градоначалникот на Струмица Костадин Костадинов се нафати да се направи договор со нив ќе им биде пресметано поевтино 4000 денари за куче од Босилово и Василево. Проблем е што одкажа Гевгелија и Валандаво Општина Василево требаше да плаќа 250.000 денари годишно, таму ќе има директор управен одбор тие се одкажаа не иодговара на општина Василево да плаќа 250.000 денари сите општини се одкажаа, но на нас како општина не ни одговара подобро ќе биде да соработуваме со Струмица со тој стационар да направиме мегусебен стационар повеќе ќе се заштеди одколку да се дава 250.000 денари годишно Градоначалникот на Струмица Костадин

Костадинов ке се нафати тој да го преземе а од друга страна дадено е во нивна сопственост што според него не е добро бидејќи сите сме заедно зградата е запишена на Општина Струмица во секој случај се има разбирање сонего . Рече дека на општина Василево и одговара Општина Струмица.

Немаше друг пријавено за збор петата точка од дневниот ред: : Предлог-Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица;;беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Предлог-Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво; за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општесвени дејностина рече дека комисијата на седничата ја разгледа од присутни 5 члена комисијата го усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Крсте Панев побара образложение

Верче Миткова рече дека има законска обврска за формирање на тој совет. На дневен ред е Одлука само за формирање на Општински совет за превенција. На некоја наредна седница ќе се донесе друга Одлука по која ќе се именуват лица од секоја инстијуција лицата што треба да бидат во тој општински совет за превенција, законска обврска е да има формирано инсистират да има лица од институциите и централните училишта за да не се соочат со одредени казни тоа ќе биде со договор на градоначалникот и со соработка на институциите што се наведени во самата одлука од Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика, совет на родители од двете училишта Атанас Нивичански и Гоце Делчев, здруженија на граѓани и медиуми. Имаше формирано пред 5 години таков совет рокот е истечен сега треба да се обнови за да нема казнени последици. Немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот ред: : Предлог-Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво;беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Предлог-Буџет на општина Василево за 2022 година;за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој рече дека комисијата од 5 присутни ја усвои без измени со 3 гласа,, за,, ,, против,,2 и ,, воздржани,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека пред советниците е Буџетот на општина Василево за 2022 година кој што треба да има одредени посебни услови, бидејќи знаеме во каква Финансиска состојба се наогаме.Рамката ја дава Министерството за финансии рамката е направена врз основа на долговите кој ги има, колку што се гледа ги има скоро во секоја програма има намалување и во вкупниот Буџет.Основниот Буџет изнесува,70.000 денари а минатата година изнесуваше 83.000 000 денари намален за 13.000 000 денари. Вкупниот буџет на општина василево изнесува 154.468. 000 денари, буџет од дотации 78.468.000 на двете основни училишта и градинката, самофинансирачкиот буџет изнесува 6.139.000денари, тековно оперативни расходи 51.662.000 денари и икапитални 18.398.000 денари рече дека негов предлог е: Да се скрати од програмата градоначалник D0 градоначалник од патни и дневни расходи 100.000 денари се префрлат во програмата Ji изградба на системи за одведување и прочистување на одпадни води. И од програмата JD изградба и реконструкција на локални патишта да се намали 1.900.000 денари да се префрлат на програмата Ji изградбана системи за одведување и прочистување на отпадни води со што програмата Ji ке изнесува 2.000.000 денари. Градоначалнико смета дека сите советници ќе се согласат бидејки тоа е една од програмите што сите не интересира посебно равничарските населени места. Околу делот на привремени вработувања има малку зголемување тука се работи од аспект на тоа што ни требат стручно вработени со високо образование. Еден има примано совисоко образование од областа на Европските фондови и проекти и како задолжена општина на тој начин може само да имаме некој донации или грантови за да можеме да фунционираме за да се направи нешто допуни сите советници треба да се согласат ќе бидат тешки години од аспект на капиталните инвестиции од основниот буџет бидејќи има многу долгови што треба да се вратат. Рече дека со кредитите ќе се заврши до година, ќе станеме кредитно способни а задолжени, ќе се разговара доколку се земе кредит ќе биде тоа за канализација. Се надева дека динамиката на реализација се подобрува од кога стапи тој има соберено приходи за месец ипол дена 6.326.000денари до колку се продолжи со таа динамика ќе се стабилизира функционирањето на општината и самиот буџет е направен за да се стабилизира општината што значи финансиски поскромно направен. Сака да каже околу делот што е патни трошоци кажано е дека е разговарано во комисијата оваа и ланската година беше ковид година патувањата беа ограничени поважно во тој дел е некаде кон средината на мај ќе излезе јавниот повик за прекугранична соработка кој што ќе треба нешто да се аплицира како што беше за градинката Струмјани Бугарија или друга општина но се преговара и со Александрија од Грција за да има прекугранична соработка дека што ќе има одредени патувања каде што може и дел од советниците да одат треба да им биде исплатено дел од тие патувања како надоместок. Околу комуналното се изгласа програмата каде што има разлика во смисол на супвенционирање тоа се прави од аспект да се избегне данокот тоа е законски и да не се плаќа данок на ддв. Има повик во јануари и февруари за супвенционирање на клими инвертер идеата е општината да даде 20.000 денари со ограничен фонд буџет 800.000 или 1.000 000 денари тоа ќе се види. Повикот ќе биде транспарентно објавен и според одредени процедури. Исто така има одредено и за термо фасади тоа што беше од неговата програма обекано во текот на изборниот процес, скратено е од некој работи за да може да се направи како што доликув. Тоа го има правено град Скопје и Центар ќе се објави јавен повик на кој што ќе може да аплицират одредени луге се мисли дали да се оди со ограничување на приходи во одредени домаќинства за да не земе некој што има 1000 евра приход да му се дадат пари за нова клима, негово размислување е дека така треба да се постапи бидејќи може да се случи некој добро ституирани да земат, идејата е за загадување Ивертер клима а второто е од социјален аспект да се помогне на одредени категории домаќинства. Рече дека буџетот е план незначи и дека ќе се исполни. Сигурно ќе има ребаланс ситуацијата е таква доколку има повеќе приходи и ќе се зголеми во некој ставки. Сака да каже дека супвенциите во тој буџет се зголемуват во делот на комуналното предпријатие, клими, термофасади доколку може и да се донесе Одлука од Советот да се доделува и за новороденчиња

надоместок но за тоа сега не се обврзува сето тоа зависи од раздолжувањето и начинот на фунционирањето. Градоначалникот Славе Андонов рече дека општина Василево нема некој посебни ресурси приходи од концесии, надоместок единсвено од продажба н градежно земјиште и за таму ќе мора да се најде уште едно лице за да полага за да може да се продава парцели што се урбанизирани од времето на Ванчо Стојанов и 1 парцела има слободна која треба да оди на лицитација има доста пари од каде што општината може да се одглави за да фунционира како што треба.

Крсто Панов побара образложение подетално за промените да се спаси данок на кој начин и како ќе функционира.

Габриела К. Ефтимова рече дека оваа година не се планирани супвенции за ЈКП досега што се доставувани фактури се плакаше данок на ддв спрема државата или према УЈП. Сега јкп е наше зошто да се плаќа на државата данок на ддв за да не прават фактури ке се доставува највероватно месечен извештај врз основа на кој ќе им биде пуштено пари а не на фактура што значи тоа законски е возможно не е тоа избегнување од законот такво право имаше и за време на Ванчо стојанов исто е само што не се плакаше ДДВ тоа е документ што значи одделението за финансии во ЈКП подготвува извештај исто како што подготвува фактури само што по фактурите има обврска на 3 месеци да плаќат ддв без разлика дали им е исплатена фактурата тие мора да си го платат данокот пред време се оди законски и регуларно.

Александра Мадевска сака да праша околу некој работи на градоначалникот трошоци се зголемуват на градоначалникот а ветува домаќинско работене, додека кај советот плати и надоместоци од 3.600.000 се намалува на 2.800.000, основни плати од 400.000 на 300.000 денари побара образложение.

Габриела К. Ефтимова рече дека градоначалникот предмалку рече во измените се намалува дел од неговите трошкови а за советниците таму надоместоците не се намалуват. Во предходниот Буџет имаше ребаланс на Буџетот тука имало проблем и во предходните години проблемот е во тоа што советниците зимат паушално надоместок од 13.590.оо денари тоа што го има и во одлуката за извршување 50% од просечната плата и тој паушал се зголемува смета дека во Април месец ќе се зголеми како што се зголемува просечната плата, тука нема кратења во делот на советници тоа кратење што го гледат во материалите е било за минатата година имало поголем долг заради тоа не може да се намали ако нема Одлука од Совет.

Крсте Панев рече минатиот состав кога тој беше претседател со одлука на совет се покачи надоместокот тоа беше идеа на советниците од ВМРО –ДПМНЕ и беа подржани тогаш се покачи 50%

Габриела К. Ефтимова рече дека советот може да донесе Одлука.

Немаше друг пријавено за збор предложениот предлог на градоначалнот: Да се скрати од програмата градоначалник D0 градоначалник од патни и дневни расходи 100.000 денари се префрлат во програмата Ј1 изградба на системи за одведување и прочистување на одпадни води. И од програмата JD изградба и реконструкција на локални патишта да се намали 1.900.000 денари да се префрлат на програмата Ј1 изградбана системи за одведување и прочистување на отпадни води со што програмата Ј1 ке изнесува 2.000.000 денари. беше ставено на гласење од вкупно

присутни 15 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 7 и ,, воздржани, нема,.

Седмата точка од дневниот ред: Предлог-Буџет на општина Василево за 2022 година со направените измени од градоначалникот: Да се скрати од програмата градоначалник D0 градоначалник од патни и дневни расходи 100.000 денари се префрлат во програмата Ji изградба на системи за одведување и прочистување на одпадни води. И од програмата JD изградба и реконструкција на локални патишта да се намали 1.900.000 денари да се префрлат на програмата Ji изградбана системи за одведување и прочистување на отпадни води со што програмата Ji ке изнесува 2.000.000 денари. беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 7 и ,, воздржани, нема,.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година;за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој репче дека комисијата од 5 присутни ја усвои без измени со 3 гласа,, за,, ,, против,,2 и ,, воздржани,, нема.

Ване Андонов рече дека советниците од опозицијата на минатата седница ги подршаа сите програми за игрантба на улици, патишта, за канализации сега е многу интересно што несакат да го подржат буџетот од кој што треба да се одвои средства за тие работи.

Немаше друг пријавено за збор Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година; беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 7 и ,, воздржани, нема,.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за утврдување на бодот за платите на административните службеници во општина Василево за 2022 година.;за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој репче дека комисијата од 5 присутни ја усвои со 5 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор ред Предлог-Одлука за утврдување на бодот за платите на административните службеници во општина Василево за 2022 година. беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 14гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,.

10.

По отворената расправа по десетата точка од дневниот ред Предлог- Одлука за утврдување на надоместок на надворешен член во комисијата за урбанизам на општина Василево, за збор се јави Ристо Делјанов, претседател на комисијата за урбанизам рече дека комисијата на сед ницата го

разгледа беше ставена на гласење од од присутни 5 члена комисијата го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,,2 и ,, воздржани,, нема.

Крсте Панев побара образложение,

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека посебно треба да се донесе Одлука за тоа веќе си има определено луге но за да им биде исплатено за таа година што имат работено за тоа советот треба да донесе Одлука. Се работи за лицето Иван Делев кој што работи во општина Струмица

Немаше друг пријавено за збор Предлог- Одлука за утврдување на надоместок на надворешен член во комисијата за урбанизам на општина Василево. беше ставено на гласење од вкупно присутни 15 советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани, 5.

11.

По отворената расправа по единаесетата точка од дневниот ред: Давање на согласност на програмата за супвенционирање за 2022 година на ЈПКД,, Турија" Василевоза збор се јави Васе Костадинов претставник од ЈПКД „Турија", Василево даде образложение рече дека програмаат е изготвена од страна на јавното предпријатие заедно со представници од општината и се доставува за да може општината да аплицира спрема странски амбасади. Потребни се канти , контењери таа програма е да се аплицира за супвенции, веќе има соработка со Словенската амбасада преку која имаше дадено канти но поради изборите се стопираше заради тоа се инсестираше да се направат програмите навреме за да може да се аплицира.

Немаше друг пријавено единасетата точка од дневниот ред Давање на согласност на програмата за супвенционирање за 2022 година на ЈПКД,, Турија" Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 1.

12.

По отворената расправа по дванасетата точка од дневниот ред: : Давањена согласност на програмата за работа на ЈПКД,, Турија" Василево за 2022 година.;за збор се јавиАлександра Мадевска побара образложение.

Васе Костадинов претставник од ЈПКД „Турија", Василево даде образложение рече дека обврск на ЈКП е секоја година да изготви план и програма за работа и развој со планирани приходи и расходи каде што прво го усвојува Управен одбор. Во програмата за работа основната дејност во која е регистрирана комуналното предпријатие е да собира организирано смет од физички и правни лица. Во програмата е даден редоследот на населени места на собирање смет, друга дејнос на Јавното комунално предпријатие е да врши приклучок на домаќинствата со вода и канализација да одржува јавна чистоќа, паркови и зеленила. Околу планираните приходи Вкупно планирани приходи се 22.7601157 од кој приходи од собирање на комунален отпад планирани се 4.951.932, планиран приход од вода 12.009.120,00 денари, приходи од вода и приклучок правни и физички лица

1.028.819,00 денари, приходи од канализација 1.036.722 денари,приходи планирани од Буџетот на општина Василево 3.600.000денари, деловни приходи 1.083.383,00 денари, приходи од услуги80.000 денари,вкупни приходи 22.761.157 денари, планирани трошоци суровини и материјали 1.493.060 денари, енергија и вода 3.469.570,00денари, резервни делови 94.770,00 денари, ситен инвентар и авто гуми116.400,00 денари, поштенски ителефонски транспорт 78.190 денари, останати услуги 1.215.390, бруто плати11.674.500 денари, трошоци за амортизација1.305.110,00 денари, останати трошоци од работење 220.110 денари.Што значи јавното комунално предпријатие планира да работи со добивка од 1.123.337,00 денари.

Александра Мадевска праша дали јавното комунално предппријатие планира да вклучи и други населени места за собирање на смет гледа дека во програмата во план е да се вклучат и населените места Радичево и Дукатино, праша дали ќе бидат вклучени и населените места Нова Маала и Добрашинци.

Васе Костадинов претставник од ЈПКД „Турија“, Василево рече дека се во соработка со месните органи за тоа прво треба да се потикне инијацетива преку месниот одбор и преку Советот за да се прошири собирањето на смет што е добредојдена за јавното предпријатие

Немаше друг пријавено за збор дванасетата точка од дневниот ред: : Давањена одлу согласност на програмата за работа на ЈПКД,, Турија“ Василево за 2022 година, беше ставена на гласење од вкупно присутни 15 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,,5 воздржани,,.

13.

По отворената расправа по тринасета точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено Бурхан Исиново од село Василево, за збор се јави Билент Исиновречe дека навистина се потребни средства детето е оперирано во Бугарија, негов предлог е да се доделат 30.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор,предлогот на Билент Исинов да се доделат 30.000 денари по Барањето за финансиски средства поднесено од Бурхан Исиново од село Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 15 советн советници Советот на општина Василево ја усвои со 15гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,. нема

Тринасета точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено Бурхан Исиново од село Василево со усвоениот предлог на Билент Исинов да се доделат 30.000 денари по Барањето за финансиски средства поднесено од Бурхан Исиново од село Василево, беше ставена на гласење од вкупно присутни 15 советн

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 4- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател

Ристо Делјанов